**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број:09-214/2
30.01.2024 година
Тетово

| **ООУ „25 Мај“ -Гази Баба, Скопје** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 24.10.2023 до 26.10.2023 година |
| **Број на извештај:** | 15 Скопски регион 2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Илбер Зенку |
| **Вид на училиштето:** | основно деветгодишно училиште |
| **Подрачни училишта** | 1 подрачни училишта |
| **Основач на училиштето:** | општина Гази Баба |
| **Наставен јазик:** | албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 1707 ученици |
| **Полова структура на ученици:** | 920 машки и 787 женски |
| **Број на наставници:** | 96 наставници |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ферди Асани |
| **Директор на училиштето:** | Фадил Муртезани |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11.12.2017 до 14.12.2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.Алија Авдовиќ,бр.6 |
| **Телефон:** | 02521-395 |
| **Факс:** | 02521-395 |
| **e-mail:** | ou25_maj@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | **Добро (3,01)** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“) број 86/2006

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од **24.10.2023 до 26.10.2023 година,** тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „25 Мај",Хасанбег,Гази Баба, Скопје.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „25 Мај",Хасанбег,Гази Баба, Скопје е **3.01, добро**[1]

Воспитно образовната работа во ООУ „25 Мај",Хасанбег,Гази Баба, Скопје и во подрачното училиште се остварува според наставни планови и програми за основното образование донесени од Министерство за овразование и наука. Наставата се реализира на албански наставен јазик.

Реализацијата е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование.Училиштето има изработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, во сите наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки. Училиштето ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Се реализира транспарентна процедура со која се дава можност учениците самостојно да вршат избор од три понудени изборни предмети според нивните интересии и потреби.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел на запознавање на учениците и родителите со наставниот план односно списокот на задолжителните и изборни предмети кои се изучуваат во училиштето.Училиштето има формирано инклузивен тим со број 02-624/1 од 01.09.2022 година.

Постапката за избор, на изборни предмети од наставниот план се применува со почитување на потребите и барањата на учениците и дополнување на часови на одредени наставници. Наставниците во годишните планирања имаат планирани содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети.

Слободните ученички активности во училиштето ги задоволуваат потребите и интересите на учениците а се планираат од наставници кои се задолжени според наставниот план. Има примери за учество и постигнати добри резултати на училишни, општински, регионални и државни натпревари.Училиштето има регистрирано училишен клуб со бр.3012015001 од 05.03.2015 година.

Општиот успех на постигањата на учениците, во изминатите три учебни години е следен: за учебна 2018/2019 година средниот успех на учениците е 3,46, за учебната

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

2019/2020 година средниот успех на учениците е 3,64 и за учебна 2020/2021 година средниот успех на учениците е 3,54.

Реализацијата на наставата е добра. Сите наставници на почетокот на наставната година изготвиле глобални,тематски процесни планирања и истите ги доставиле до директорот односно стручната служба. Планирањето на наставата е предуслов за квалитетна, навремена, успешна и ефикасна подготовка, организација и реализација на наставниот процес. Се заснова на наставната програма и календарот за работа и ги зема предвид карактеристиките на учениците (нивната возраст, предзнаењата, потребите, можностите и способностите) и условите и средствата за работа со кои располага наставникот, т.е. училиштето. При планирањето наставниците се водат од компетенциите од Националните стандарди и од дефинираните резултати од учењето посочени во наставната програма за конкретниот наставен предмет. Исто така, при планирањето наставниците ги осмислуваат активностите што ќе ги применуваат за да обезбедат постигнување на предвидените резултати од учењето, ги избираат и/или ги креираат наставните средства што ќе се користат и го определуваат начинот на следење и проверување на постигањата на учениците.Притоа, користат процесно-развојно планирање,огласно Концепција за основно образование.Во изминатиот тригодишен период учениците од училиштето учествувале на регионални и државни натпревари.При тоа учениците ги освоиле награди:на регионални и државни натпревари.

Најголем број наставници во редовната настава обезбедуваат подршка за учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите наставни предмети за учениците кои потешко напредуваат во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.

Оперативните планирања за наставен час даваат само општи или некомплетни насоки што се очекува учениците да научат.Кај помал број на наставници, во планирањата се сретнуваат елементи кои не одговараат на планираните активности или планираните форми а методите и техники се еднообразни за повеќе типови на час.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности.Во склоп на распоредот на часови планирани се и останатите активности на додатна, дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности. Во наставниот процес, поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи за постигнување на поголеми резултати во наставата и другите вонаставни активности.Поголем број на наставници за реализација на наставата користат разни приоди што придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик, критичкото мислење, креативноста, преземање на одговорност и решавање проблеми.

Кај дел од наставниците, интеракција наставник – ученик е добра, добра е и интеракцијата ученик-ученик. Примена на ИКТ во наставата е добра.Има и случаеви на наставниците на користење на свои лаптоп комјутери со цел на реализација на наставата со ИКТ.

Како потешкотија во реализацијата на наставата се наведува дека поголемиот дел од учебниците се оштетени од причина што истите се користат повеќе години и дека одредени учебници во училиштето се доставуваат со големо задоцнување.Поголемиот дел од наставниците оценувањето го вршаат врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени по секој наставен предмет со кои учениците и родителите делумно

се запознаени.Поголем број наставници ги вклучуваат учениците во оценувањето.Еко проектот се реализира континуирано според планираните активности и динамика а вклученоста на учениците е голема.Училишниот простор и околината на училиштето се безбедни.

Севкупната грижа за учениците и хигиената во училиштето задоволува. Училиштето има план за постапување при елементарни непогоди но нема извршено симулација. Училиштето води добра политика и превзема активности за ненасилство. Се реализираат активности за информирање на учениците за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. Училишниот одбор работи во полн состав, транспарентно за заинтересираните структури во училиштето, со обезбеден кворум за работа и донесување на одлуки. Училишниот одбор има програма и деловникот за работа.

Соработката на училиштето со локалната заедница е во рамки на законските обврски и тоа во поглед на усвојување на годишниот извештај и донесување на годишната програма за работа на училиштето истотака соработката се реализира преку организираните приредби, манифестации и други активности.

Училишниот одбор, директорот и стручните соработници, имаат сериозен приод кон задачите што произлегуваат од Годишната програма за работа и другите придружни документи. Директорот работи на идентификација на состојбите на кои највеќе им треба подобрување, има идеја за тоа што е најдобро за училиштето,покажува доволно ниво на енергија за отстранување на сите недостатоци и е отворен и спремен за соработка се со цел подигнување на квалитетот на наставата.

Училиштето работи согласно Законот за основно образование и Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година.Годишната програма за работа бр.01-412/1 од 04.07.2023 година, донесена од страна на Советотот на општина Гази Баба.Училиштето има Статут број 02-56/2 од 17.05.2022 година.

Последната извршена самоевалуација на училиштето е со бр.01-495/2 од 07.09.2023 година. Програма за развој бр. 02-443/3-3 од 31.08.2022 година.Училиштето има формирано инклузивен тим со бр.02-624/1 од 01.09.2022 година согласно член 16 став 1 од Законот за основно образаование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20). ООУ "Јан Амос Коменски",општина Карпош,Скопје, е партнер училиште, каде наставата се реализира на македонски и албански наставен јазик.

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „25 Мај",Хасанбег,Гази Баба, Скопје е изградено во 1965 година и се наоѓа на улица Авдија Авдовиќ,бр.6 во Хасанбег,општина Гази Баба,Скопје.Наставата се изведува само на албански наставен јазик во две училишни згради со вкупен број на ученици од 1707. Со едно подрачно училиште, во објектот лоциран во другиот дел на населбата. Во двата училишни објекти има добри услови за изедување на настава. Во училиштето за учениците од прво оделение се обезбедува прифаќање на учениците еден час пред почетокот на наставата и еден час за испраќање на учениците.

Во ова учебна 2023/2024 година учаат вкупно 1707 ученици.Училиштето е основано со Решение број 07-32161 од 21.12.1965 година а верифицирано е со акт број 14-1231/1 од 26.02.1986 година. Последните години зголемен е процентот на ученици кои по завршување на основното образование го продолжуваат образованието во средните училишта (сите ученици кои го завршиле основното образование сите се запишани во средно задолжитело образование).

Училишните објекти каде се изведува наставата ( во два училишни објекти) се во добра состојба. Училиштето последните години бележи значаен прогрес во својот напредок и уредување во делот на инфрастуктурата. Затоплувањето на училиштето е со централно греење со течно гориво и во централното училиште и во подрачните училишта. Училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставата во училиштето ја реализираат 96 наставници. Училиштето има обезбеден доволен број на наставници за реализирање на воспитно образовниот процес. Наставниот кадар е квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето. Во училиштето има директор, секретар, од стручната служба има психолог и социолог.

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во ООУ „25 Мај", Хасан Бег,општина Гази Баба, Скопје и подрачното училиште се реализира во согласност со наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставниот план содржи задолжителни предмети, изборни предмети и други активности понудени од училиштето, сите распределени по одделенија и по број на часови неделно и годишно. Со новата концепција намален е бројот на предмети, а зголемено е времето за учење и престој на учениците во училиште.Наставните плановии програми се реализираат во пропишаниот обем.Наставата по наставниот предмет физичко и здравствено образование се реализира со потешкотии пораси големиот прој на паралелки кои во исто време реализираат настава во балон сала.Салата која е во состав на училишниот објект е во фаза на реконструкција.

Во програмите за прво, второ, трето, четврто,пето и шесто одделение се наведуваат националните стандарди,базирани на компетенции, кои учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сè компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, како и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците. Училиштето на родителски средби, на состаноци одржани со претставниците на советот на родители и преку изготвена брошура, ги информира родителите,учениците и другите заинтересирани субјекти за работењето во училиштето.

Во редовната настава има вклучено деца со посебни образовни потреби,со нив работат 13 образовни асистенти. Во училиштето се идентификуват ученици со потешкотии во учењето. Наставниците во рамки на сценариата за наставен час, понекогаш подготвуваат активност и за учениците со потешкотии како и за учениците кои побрзо напредуваат.Во рамки на училиштето има инклузивен тим. Покрај редовната настава во училиштето се реализира дополнителна, додатна настава и воннаставни активности во согласност со можностите и интересот научениците.Училиштето според наставниот план нуди изборни предмети во седмо,осмо и деветo одделение. Постапката за избор на предмети се спроведува согласно правилникот, односно со помош на анкета.

Преку програмите за слободни ученички активности, додатната настава и во рамки на проектите кои се реализираат во наставата се нудат голем број на спортски,музички, драмски, литературни, ликовни и еколошки активности, хуманитарни акции,креативни работилници како и активности поврзани со математиката, природните науки општествените науки. Со тоа училиштето ги задоволува интересите и потребите на повеќето ученици. За учениците од прво до пето одделение има изработено проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава.Во училиштето функсионират и две паралелки за продолжен престој.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето понекогаш прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебниците,наставните средства и помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.За учениците од шесто одделение кои реализираат настава според новата концепција не се доставени учебниците.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување ги следи стручната служба. Реализираните обуки се евидентираат во педагошки картони на наставниците.

Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и програми.

При реализацијата на наставата како и при изборот и изработката на наставни средства и помагала, наставниците водат сметка за родовата и етничка рамноправност како и за мултикултурализмот кој е одлика на нашето општество и за демократските начела.Во процесот на планирање на наставата како и при нејзината реализација наставниците понекогаш успешно ги интегрираат специфичностите на локалната и пошироката средина.

Меѓупредметните цели како што се: развивање на самодоверба, иницијативност,одговорност, почитување на различноста и основните човекови права како и свест за припадност на својата земја се интегрирани во рамки на програмите кои се реализираат и тоа во повеќе предмети.

Кај поголемиот дел од наставниот кадар и од претставниците од редот на родителите преовладува мислењето дека примерите на активности дадени во наставните програми се со акцент на активното учество на ученикот и даваат јасни насоки како наставникот треба да ги организира и реализира активностите на часот, преку експерименти, истражувања, решавање проблеми, дискусии со учениците и соодветствуваат за возраста на учениците.

## 1.3 Воннаставни активности

За развивање на различните интереси на учениците,училиштето организира воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности. Училиштето нуди разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и кои влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Во училиштето се планираат и се реализираат голем број воннаставни ученички активности, за стекнување знаења, развивање вештини, креативност, меѓуетничка интеграција и афирмација на постигањата на учениците. Во овие активности учениците членуваат по свој слободен избор и при вклучување на учениците во активностите постои родова, етничка и социјална рамноправност.Секој наставник кој реализира воннаставни активности има изработено содветнта програма за работа. Слободните активности се застапени во голема мера преку секциите во училиштето кои се поделнени на три групи и тоа спортски секции,технички секции и културно уметнички секции.

Училиштето за афирмирање на воннаставните активности учествува на манифестации, настапи и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција.Учениците учествувајќи во слободните ученички активности,како и учество на најразлични манифестации,конкурси, натпревари и други воннаставни активности, се афирмираат самите себе, и го афирмираат училиштето. Во последните три учебни години училиштето одржувало натпревари помеѓу учениците во училиштето, но учествувале и на на тпревари од различни области што се организираат локално ниво.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Во планирањето и подготовката на ученичките екскурзии активно се вклучени и родителите.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1.Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети по пол, за сите класификациони периоди по години и паралелки. Училиштето има изготвено полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците. Средниот успех на учениците во учебната 2019/2020 година, изнесува 4.36 а во учебната 2020/2021 година, изнесува 4.40 и во учебната 2022/2023 година изнесува 4,40 се забележува незначително зголемување на успехот на учениците. Според три годишната анализа 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2023 година вкупно се 1679 ученика,од кои 920 се машки и 778 се женски. Сите учениците континуирано имаат примерно поведение.Училиштето прави споредбени анализа за успехот на учениците постигната во првото полугодие и успехот постигнат на крајот на учебната година , со цел да се преземат мерки и активности за континуиран добри постигања и да се види разликата на постигнувањата на учениците во првото полугодије и на крајот на учебната година .

Училиштето ги препознава надарените ученици како и учениците кои имаат потешкотии во учењето, и за сите нив училиштето презема разновидни активности да го следи нивниот напредок. Голем дел од наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни предмети. Стручните соработници во училиштето кои обезбедуваат поддршка на учениците со попреченост, продолжуваат со поддршката на образовниот процес на учениците во училиштето или во домот на ученикот и се во постојана комуникација и координација со инклузивниот тим во училиштето, образовните асистенти и родителите. Во училиштето има ученици со посебни образовни ,со нив работат 13 образовни асистенти.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус. Доколку се јават разлики во постигањата, стручната служба ги анализира причините и презема активности за нејзино надминување. Во последните три учебни години, училиштето редовно реализирана заеднички воннаставнни мултиетнички активности со други училишта од општината, во која биле вклучени ученици од двете училишта а со цел негување и учење јазик или повеќејазичност за да се обезбеди мобилност во образованието и пазарот на трудот и полесно да се надминат културните бариери со кои се соочува Европа денесобразование.Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби, но училиштето има формирано инклузивен тим. Во училиштето нема врабтено дефектолог. Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус.Доколку се јават разлики во постигањата, стручната служба ги анализира причините за ваквата појава и превзема активности за нејзино надминување. Училиштето организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во партнерство со училиште од друг наставен јазик и тоа со ООУ" Јан Амос Коменски",општина Карпош,Скопје. Заеднички активности се реализирани и за време на Ковид пандемијата и тоа он лајн со одржани средби со помош на платформата Microsoft Teams.Соработката со партнер училиштето се одвива континуирано со посета на група ученици со нивните наставници а исто така и он лајн. Училиштето нема интерен акт за избор на ученик на генерација кој во школувањето има одличен успех но секоја учебна година се избираат ученик на генерација.

### 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на децата во прво одделение што значи се опфатени сите ученици кои престојуваат и живеат во реонот на училиштето,

вклучувајќи и условите за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. Се следи осипувањето на учениците , за кое стручната служба има податоци. Во последните три учебни години бројот на ученици е поголем за 36 ученици.Според нивната анализата на стручната служба осипувањето на учениците последните години е незначителен.

Во учебната 2022/2023 година, вкупниот број на запишани ученици е 1679 од кои 920 машки и 778 женски паспоредени во 63 паралелки,во учебната 2021/2021 година бројот на ученици е поголем за 36 ученици. Формирањето на паралелки е во согласност со Законот за основното образование.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема мерки и активности за намалување на бројот на изостаноците. Од анализите во училиштето во однос на изостаноците на учениците во последните две учебни години се забележува тенденција на намалување на изостаноците (и оправдани и неопревдани). Бројот на изостанувања од настава на учениците во учебната 2021/2022 година е 1566 ( 1431 оправдани и 135 неоправдани изостаноци) ,што значи 9% неоправдани и 91% оправдани. во учебната 2022/2023 година е 1596 (1177 оправдани и 419 неоправдани изостаноци) што значи 26% неоравдани и 74 % оправдани.

Училиштето има изготвено план за советување на родителите.Училиштето редовно ги реализира советувањата на родителите и води уредна документација. Советувањето на родителите го врши психологот на училиштето, најчесто во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии, но биле реализирани и индивидуални советувања. Најчести причини за советување на родителите се: нередовна посета на наставата, намален успех и несоодветно однесување

**2.3 Повторување на ученици**

Од увидот во документацијата, главните книги и записниците од советите на паралелките,наставничкиот совет е-денвникот констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината.

Во училиштето се идентификуват и се анализираат причините за учениците кои во првото полугодие имаат една и повеќе слаби оценки а на крајот на учебната година поминуваат со подобар успех,за ваквата состојба се прелагаат мерки со цел да се намали разликата на оценките од прво и воро полугодие.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор, доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

## 3.Учење и настава

### 3.1Планирања на наставниците

Во училиштето има договорни приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од директорот. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од Кемриџ, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието. Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба или од директорот. Соработката на училиштето со ресурсните центри и други релевантни институции во однос на обезбедување поддршка за изработка на индивидуален образовен план за работа со учениците со посебни образовни потреби задоволува.

Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни тематски процесни планирања што ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата. Наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните активности во поучувањето и учењето. Активностите на наставниците и на учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати.

Дневните подготовки, неделните планирања и сценаријата ( наставниците кои работат по новата концепција) се достапни на увид на директорот и стручната служба. Планирањата ги содржат елементите согласно насоките од БРО. Сценаријата се пишуваат на дадени теркови како и подготовките за наставен час по адаптираните програми Кембриџ. Инклузивниот тим обезбедува подршка за изработка на ИОП.Има добри примери на добра советодавна подршка со ресурсниот центар ,,Иднина".

Наставниците разменуваат искуства и идеи само во рамките на стручните активи. Постојат примери за соработка на наставниците при изготвувањето на планирањата.

Распоредот на часови е изработен според просторните и кадровските можности на училиштето согласно со наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето.

Училиштето навреме изработило распоред за додатна и дополнителна настава и распоредот е истакнат на видно место во училиштето. Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реализира согласно распоредот.

### 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната евалуација од извршена посета на најголем број на наставници.Голем дел од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес која што редовно се применува. Секој наставник е посетен на час еднаш во текот на полугодието од директорот и од стручната служба.

Има мал број на наставници, кои покрај посетените обуки и семинари за користењето на современи методи и техники во наставата, тие методи и техники многу малку ги користат.

Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники, а интеракцијата е присутна во најголем дел во паралелките од прво до шесто одделение кои работат по Новата Концепција за основно образование.

. За потребите на наставата и реализирање на часовите со примена на ИКТ се користат и функционални ЛЦД проектори. Училиштето располага со 36 Смарт-табли со

што ги задоволува барањата за реализација на наставната програма утврдено во Концепцијата

Мал број на наставници во предметна настава, во чии паралелки има деца со посебни образовни потреби, за време на наставниот час, не ги реализираат целите од ИОП.

Поголем број од наставниците се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани часови со примена на ИКТ.

Поголем број од наставниците во наставата, на учениците им задаваат разновидни задачи и активности, но не секогаш овие задачи и активности се прилагодени на образовните потреби на учениците.

Постојните ресурси, нагледни средства во училиштето, од голем број наставници се користат во наставата, меѓутоа има мал број на наставници кои недоволно ги користат истите.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава делумно задоволува. Учениците се поттикнуваат да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува во паралелките од прво до шесто одделение кои работат по Новата Концепција за основно образование. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена интеракција ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и физичка попреченост.

Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Училишнот простор е уреден. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Од разгледување на прашалниците учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека она што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот

Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници

За време на часот, дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Поголем број од наставниците во процесот на учењето користат разновидни техники, со што на учениците им даваат можност со различни стилови на учење да научат најмногу што можат. Меѓутоа дел од нив користат мал број на техники и различни стилови на учење да научат најмногу што можат и да го постигнат својот максимум.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални, групни и индивидуални средби со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист) со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето (соработка со другите, почитување на разликите,толерантност). Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Е – Дневникот редовно се води од сите наставници. Проверката е од страна на директорот и стручната служба. Поголемиот број на родители имаат пристап до електронскиот дневник.

## 4 Поддршка/помош на учениците

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор во ООУ „25 Мај", Хасанбег, општина Гази Баба, Скопје е безбеден за одвивање на наставата. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедноста на учениците во училишните простории и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности. При несреќни случаи, во училиштето има 2 (две) вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците. Истите поседуваат благодарница за успешно завршена обука за прва помош, а училиштето располага со пакет средства за прва помош.

Во училиштето има 5 хидранти , истите се поставени од "Рени Инжинеринг", со бр. СГ408-54/2 од 23.05.2018 година на истите е направена контрола на 05.05.2023 година кои се во неисправна инсталација. Училиштето располага со 15 ПП апарати и истите се сервисирани на 08.05.2023 година. Училишниот објект како во централното училиште така и во подрачното во с. Хасанбег се осигурани,.за период од 01.11.2022 година до 01.11.2023 година преку АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје осигурување го опфаќало централното и подрачното училиште со полиса број 090000014654 За оваа учебна година не се осигурани како учениците така и сите вработени во него. Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар. За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации, поседува и план за евакуација и има изведено симулации за постапување во случај на елементарна непогода ( земјотрес и пожар ) 2015 и 2018 година. За безбедноста на учениците во училиштето се грижат дежурни наставници, а училиштето има ангажирано надворешна фирма за обезбедување која ја плаќа општината Гази Баба како и училиштето има видео надзор од 28 камери кои се распоредени во ходниците и училишниот двор.

Во училиштето има пишани документи односно има Куќен ред и Кодекс на однесување за сите структури во училиштето во кои се дефинирани сите облици на однесување, и истите се истакнати на соодветни места. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од било кого и училиштето има механизми за справување со таквите појави. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство. Класните раководители имаат теми за работа со содржини за взаемно почитување, рамноправност и правата на децата.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања.

Училиштето нема училишна кујна, а учениците се хранат од околните објекти за исхрана, но вработените немаат увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности, и за нив се прават напори за добивање на соодветна помош и поддршка преку доброволни донации.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето задоволува. Училишниот двор е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во училниците и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор. Извршена е дезинфекција и дератизација од страна на Трули Нолен НМ Дооел Скопје на 14.08.2023 година.На 22.09.2023 година извршена е и санитарна инспекција во врска со заразни болести и составен е записник со бр.03-520/2. Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи и вакцинација за учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Во училиштето се вршат

систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во ПЗУ „Превемед" – Скопје со документ 0915/23 на 02.10.2023 година. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето се организираат предавања и работилници за заштита од заразни болести, како и превентива против можни хронични или други заболувања. Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди и подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман во договор со родителите и здравствените установи. Во училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми, а стручната служба (психологот, педагогот како и двајцата дефектолози) во соработка со наставниот кадар е задолжена за постапување во вакви ситуации а со цел да им се помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и да ги упатати до релевантни институции.

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование на учениците добиваат инфорации од своите наставници, а најчесто преку одделенските раководители, кои на одделенски час разработуваат теми за професионална ориентација. Училишниот психолог во својата годишна програма за работа има планирано активности за професионална ориентација со учениците од завршните одделенија. Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши во вид на предавања, работилници и посебно наменски часови за ученици од деветите одделенија на одделенскиот час. Училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование во училиштето, го продолжиле понатамошното образование

### 4.4 Следење на напредокот

Одделенските раководители и наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар континуирано води електронски дневник. Одделенските раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во електронскиот дневник на паралелката, евидентни листови, и главните книги. Се забележува мал број на случаи во кои интересот на родителите за постигањата учениците не е на задоволително ниво. Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

Преминувањето на учениците во друго училиште е во согласност со законските прописи. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури, при што доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

## 5.Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите во училиштето се задоволителни. Односот меѓу учениците исто така е на задоволително ниво, и се базира на взаемно почитување и помагање, меѓусебно почитувањето на учениците од ист и од различен пол, и различен социјален статус. На добро ниво се и односот меѓу наставниците и учениците односно релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник-родител, родител-наставник, и наставник-наставник, но се збележуваат и случаи на отстапување од ваквото однесување.

Училиштето е инклузивно со вкупно 21 ученик со попреченост кои се со документ од МКФ. Од вкупниот број инклузирани ученици 4 ( четворица) со телесен инвалидитет и останатите се со даунов синдром, аутизам и комбинирани . Од вкупниот број , 13 (тринаесет) ученика со попреченост се придружени со образовен асистент .

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност, се забележува реализација на активности од мултикултурализам унапредување на интекултурализамот и развивањето на граѓанската свест и активизам преку подмладокот на ,,Црвениот крст " , ,,Млади спортски секции" и др сл. активности.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето. Дел од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што е потврдено во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има изготвено Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури во училиштето. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваа. Во училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и има распоред за дежурни наставници.

Поведението на учениците споредбено за три години е примерно кај сите ученици што е наведено и во самата статистика од психологот , за 2020/2021 од вкупно 1642 ученика сите се со примерно поведение , во 2021/2022 год од вкупно 1643 сите се со примерно поведение како и во учебната 2022/2023 год од вкупно 1679 ученика сите се со примерно поведение . Дисциплината на учениците во училиштето е задоволителна. Во последните три учебни години не се забележани случаи на нередовност , непримерно однесување за време на наставата и нема изречени педагошки мерки , што може да се забележи и од самата статистика во 2020/2021 г вкупно изостаноци на ниво на училиште се 1140 од кој оправдани 1020 а неоправдани 120 од вкупно 1642 ученика, процентуално 0,69 изостанок, во 2021/2022 г вкупно изостаноци на ниво на училиште се 1566 од кој оправдани 1431 а неоправдани 135 од вкупно 1643 ученика, процентуално 0,95 изостанок, а во 2022/2023 г вкупно изостаноци на ниво на училиште се 1596 од кој оправдани 1177 а неоправдани 419 од вкупно 1679 ученика, процентуално 0,95 изостанок.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, дел од учениците се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишниот објект и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго.

Училиштето има формирано ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште). Формиран е ученичкиот парламент и истиот има изготвено програма за работа со бр.09-500/2-1 од 03.10.2023 год, но истиот малку придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за учениците. Од разговорите водени со учениците и членовите на ученичкиот парламент постои отсуство на разбирање, објективност и проактивност од страна на дел од наставниците и

службата за прифаќање и преземање на мерки и активности кои произлегуваат или се предлог на учениците.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето има резулати во постигнувањата на учениците како во редовната настава по одредени предмети така и во воннаставните активности. Според самите изваештаи учениците не учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво за време на пандемијата 2020/2021 год, додека 2021/2022 год имаат 18 први награди, 3 втори и 17 трети награди , 4 први награди на регионални натпревари , додека во 2022/2023 год на општинско ниво имаат 1 прва награда, 15 втори награди и 19 трети награди , 1 (една) регионална награда и 17 меѓународни награди. Но, од анкетните прашалници и разговорите со членовите на ученичкиот парламент се наведува дека ова училиште може да оствари многу повеќе успеси доколку целосно се одржува додатна настава, како и нецелосно идентификување на талентирани ученици.

Личните постигнувања најчесто се промовираат на патрониот празник на училиштето, на наставничките/одделенските совети со доделување пофалници и книги како и истакнување на наставник на годината е еден од начините на мотивирање. На учениците се доделува диплома ,книга, платена еднодневна ескурзија на освоена награда и пофалници на учениците кои покажале особен интерес и успех во учењето и на натпревари, како и на наставниците кои го помогнале тоа. На крајот на учебната година се избира и промовира ученик првенец на генрација од IX-тите одделенијаа, за кој постои правилник за истото .

Училиштето има политика на мотивирање и поттикнување на наставниот кадар и учениците да земат учество на натпревари, да учествуваат на јавни настапи и други манифестации со промотивен и афирмативен карактер.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата, но училиштето делумно ги запознава учениците со нивните права. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Вклучувајќи ги во проект ,,Да ги земам правата на нашите раце" во соработка со Детската Амбасада ,,Меѓаши" , самостојно бираат тема ,,Безбеднос на децата во сообраќајот" за ученици од I до V одделение . Активности со поделување на флаери за ,, Подеднакви права на сите деца",кој бил подржан и од МРТВ . На 15.12.2022 год посета на Народниот Правобранител , дискусија и посебен акцент за принципите на дискриминација , родовата еднаквост , конфликти и правата на децата , учество на 5 ученика во Охрид на Мировно образование Форум театар претстава ,,Меѓуврсничко насилство"(булинг) со можни решенија и кои имаат голема автономност да се намали насилството меѓу учениците.

Училиштето промовира еднаквост за сите вработени, ученици, како и за родителите.. Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст.

Училиштето има организирано посебни работилници со родителите на тема,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците" во кој биле вклучени родители од нивните професии ( полицаец и фризер) за запознавање со правата на децата и грижа за нивното здравје. Голем број и од родителите за тоа се запознаени преку нивните претставници во Советот на родители и на родителксите средби во

паралеките. Вработените во училиштето промовираат правичност и еднаковост во однесувањето кон учениците.

Во училиштето нема евидентирана и забележена дискриминација по било која основа кај учениците, наставниците и родителите. Ученикот со посебни образовни потреби е добро интегриран во училишната средина.

Учениците учат да ја почитуваат својата и културата и традициите на другите етнички заедници во Република Северна Македонија. Училиштето планира и реализира заеднички наставни или вон наставни активности со хетерогени групи за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од исто или со друго односно партнер училиштето. Училиштето има склучено меморандум со 3 ( три) училишта ООУ,,Стив Наумов" ,ООУ,,Дане Крапчев " и ООУ,,Наум Наумовски Борче " сите од Скопје и со истите има остварено заеднички наставни часови и заеднички активности: ,,Шарен свет " и ,,Заедно сме посилни" .

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите учествуваат во работата на училиштето преку Совет на родители и преку своите претставници во Училишниот одбор. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во УО. Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е релативно добра. Има примери на вклученост на родителите во активности организирани од училиштето.

Училиштето користи методи за комуникација со родителите, а најчесто соработката се остварува преку разговори со одделенските раководители на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а има и примери на реализирани индивидуални родителски средби. Родителите преку одделенските раководители, индивидуалните средби, е-дневник, и слично редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците, успехот за нивните деца и слично, и истите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето има соработка со локалната заедница преку вклученост во реализација на заеднички проекти, активности и организација и учество на настани од инстерес на заедницата. Преку своите претставници во Училишниот одбор локалната заедница е запознаена со ставовите, потребите и образовните политики за унапредување на статусот на училиштето.

Соработката со сите училишта на ниво на општина Гази Баба се одвива преку комуникацијата на наставниот кадар и раководните тела, како и преку индивидуални посети на училиштата. Меѓусебната комуникацијата на учениците со учениците од другите училишта се одвива преку општински натпревари и спортски настани и други активности.

Училиштето остварува добра партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа односно реализација на практична настава/обука, а доказ за тоа се бројните склучени меморандуми за соработка. Во училиштето нема примери за остварена соработка со граѓанскиот сектор.

## 6.Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Централно основно општинско училиште „25 Мај" –Гази Баба е објект од тврда градба кој е изграден 1965 година, и е реновиран неколку пати етапно, со внатрешна површина од 3921 м2, двор со површина 13.056 м2, кој е хортикултурно уреден, игралиште и спортски терени со површина од 800 м2. Во централното училиште има 27 училници, 1 кабинет, 1 лабораторија, 1 библиотека и спортска сала. Покрај овие простории во објектот има 6 канцеларии (за директор, помошник директор, наставници, секретар и стручни соработници), котлара, и просторија за одржувачи на хигиена.

Санитарините простории во централното училиштето се во доволен број и ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Истите се реновирани и чисти во секое време.Има еден приспособен тоалет во централното училиште за деца со посебни потреби.

Загревањето е со парно греење на течно гориво ( нафта ).
Наставата во училиштето се реализира на албански наставен јазик, во две смени. Заштитата и обезбедувањето на учениците, вработените и просторните капацитети во училиштето се врши преку вградените безбедносни камери и преку ангажирани лица од агенцијата за обезбедување.

Во училишните простории има инсталирано електрична инсталација за напојување и мрежно поврзување на ИКТ опремата. Исто така има и громобранска инсталација, 5 хидранти на ки е извршена контрола на 05.05.2023 година кои се неисправни, и 15 ПП апарати и истите се сервисирани и атестирани од овластена фирма со издаден Стручен наод. .

- ПУ во с.Сингелиќ има еден објект од тврда градба, со вкупна површина од 10 506 м2 и 490 м2 е училишен објект од тврда градба, со 4 училници, и други простории.

Дворот на училиштетето ( во централното и во подрачното училиште) е целосно ограден и хортикултурно уреден. Во централното училиште дворот е хортикултурно уреден со зелени површини и летниковец. Во дворот на подрачното училиште има едно спортстко игралиште за мал фудбал и детско игралиште, со повеќе детски реквизити. Патеките од двата влеза на училиштето и паркинг просторот на уличиштето се со бетонски плочки. Училиштето, според бројот на ученици, располага со доволен број на клупи и столчиња. Загревањето на подрачното училиште е со пелети.

Училишниот простор се користи по однапред изготвен распоред во централното и подрачното училиште во две смени.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес согласно планираните ресурси. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето, организирањето и реализирање на наставен час кај поголем број наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училиштето располага со доволен број на нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби. Исто така за учениците со посебни образовни потреби училиштео располага со сензорска соба која редовно се користи од страна на тие ученици со помош на специјалните едукатори и рехабилитатори. Училниците, каде што се реализира настава согласно

Концепцијата за основно образование ( од прво до шесто одделение ),сите училници опремени се со лцд проектори , компјутери и печатари и истите во континуитет се користат. Во училиштето има 36 смарт табли.

Училиштето располага со просторија за библиотека во која е сместен библиотечниот фонд и располага со 1420 изданија од нив 910 лектирни наслови на албански јазик и 510 лектирни изданија на македонски јазик, стручна литература , енциклопедии, атласи, лексикони, речници, списанија и монографија. Библиотекарот библиотечната евиденција ја води во евидентна тетратка. Просторијата е отворена за издавање на книги и ја користат учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Библиотекарот нема изготвено Годишна програма за работа. Во склоп на училиштето функционира и градската библиотека ,,Браќа Миладиновци"- Скопје.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие не се со соодветно образование согласно со нормативите. Сите наставници и стручни соработници не се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Наставата во училиштето ја реализираат 96 наставници од кои 90 наставници се со соодветно образование според норматив а 6 наставници се со несоодветно образование. Според образовниот профил 86 наставници се со високо образование,3 наставника е со вишо образование, 5 наставници со магистерски студии еден наставник со докторски студии и еден наставник со друго образование. На неопределено работно време се 75 наставника и 21 наставници се на определено работно време. Според полот 72 се жени и 24 се машки, според етничката припадност 92 наставници се албанци, 3 наставници се македонци и 1 наставник е бошњак. Од други училишта во училиштето настава реализираат 1 наставник. Настава во прво до шестто одделение реализираат 35 одделенски наставници, а од шесто до деветто одделение настава реализираат 61 наставник. Соодветниот наставен кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето има 4 наставници приправници. Со 2 наставници приправници работи ментор со звање наставник-ментор согласно изготвена програма за работа.

Наставниците работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Училиштето има стручна служба (педагог, психолог двајца специјални едукатори и рехабилитатори и библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Поголем дел наставници изработуваат личен план за професионален развој. Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните

професионални компетенции за наставници. Во последните три учебни години наставниците учествувале на голем број на обуки. Училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки за реализација на сите проекти, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и граѓански активизам, како и обуки за новата Концепција за основно образование. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.

Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училишниот одбор на крајот на календарската година добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

## 7.Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Органот на управување,Училишен одбор е составен и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има деловник за работа и програма за работа и според истите го организира своето работење. Состаноците на училишен одбор се одржуваат редовно и со однапред утврден ред и доставени материјали за седница.Училишниот одбор за својата работа редовно ги запознава другите субјекти, вклучени во образовниот процес во училиштето.

Соработката на Училишниот одбор со раководниот орган и другите образовни структури на училиштето,е добра. За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е училиштето да обезбеди обука, со цел поефикасно работење на истиот.

Директорот на училиштето го следи и координира работењето на установата во сите сегменти на остварување на воспитно образовната работа.Во таа смисла како раководен орган има воспоставено професионален однос кон работата и истиот знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето работење го заснива на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручните работници.Приоритетна задача на директорот се постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа на училиштето. Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето. Соработка на директорот со стручните соработници, административниот кадар и учениците е добра. Управувањето и раководењето со училиштето е добра.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите на работењето на училиштето се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и Програмата за развој и истите се во согласност со државната и локалната образовна политика.Наведените документи се креирани по насоки на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.Програмата за развој има јасност и соодветност на целите како и процедура за креирање на училишната политика.

Училиштето ги мобилизира наставниците активно да учествуваат во креирањето на стратегиите за остварување на целите и се запознати со нивното остварување. Родителите и учениците се запознати со целите но истите многу малку се вклучени во реализацијата на истите.Креирањето на училишната политика е добра. Мисијата, визијата и вредностите на училиштето се отсликиуваат во Развојното планирање. Училиштето има акциски планови за поставените цели и план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигањата на поставените индикатори за успешност.

Училиштето нема документ – програма со кој се креира политиката за професионален развој на наставниците и стручните соработници но потребно е да се обезбедат финансиски средства, соодветно на потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето ги планира материјално техничките средства но планирањето потешко го реализира,поради ограничените финансиски можноисти.

Училиштето по потреба, бара средства од локалната и деловната заедница за подобрување на инфраструктурата на училиштето.Развојното планирање е добро.

## Наоди и препораки

### 7.3 Силни страни

- Добра опременост со нагледни средства, материјали со смарт табли за реализација на наставата согласно Концепцијата и кои придонесуваат за квалитетна настава,
- Добра соработка со локалната заедница и невладиниот сектор,
- Постои севкупна грижа на училиштето за здравјето, безбедноста и напредокот на учениците,
- Еднаков пристап кон учениците од различна полова и социјална припадност,
- Дисциплината на учениците е добра,
- Наставата се реализира во добри просторни услови,
- Добра соработка на директорот и Училишниот одбор на училиштето,
- Директорот на училиштето го следи и координира работењето на училиштето во сите сегменти на остварување на воспитно образовната работа,
- Училиштето постигнува значајни резултати на локалните, општински и државни натпревари и осввојување на многубројни награди,
- Наставниот кадар се постојано во своите напори да обезбедат добра атмосфера за учење
- Училиштето располага со сензорска соба и асистивна технологија за учениците со посебни образовни потреби,
- Навремено информирање на родителите за постигањата на своите деца,
- Реализација на наставата по Спорт и спортски активности во Спортските терени.

### 7.4 Слаби страни

- Нередовно и несоодветно водење Библиотечниот фонд со кои располага училиштето, недостаток на учебници за учениците според потребите на современата настава,
- Потреба од дополнителни обуки за наставниците стручните соработници,
- Училиштето нема изготвена програма за следење на потребите за професионалниот развој на наставниците,
- Училиштето нема изведено симулација при елементарна непогода
- Наставниците слабо планираат диференцирани активности и техники, како и недоволна интеракција на релација ученик – ученик,
- Управата на училиштето нема разработено систем за следење на планирањата на наставниците ( глобалните тематски и дневни планирања ),
- Во настава недоволно се употребува ИКТ како и другите наставни средства и материјали со кои располага училиштето,
- Недостатокот на соодветни учебници и литература по дел од наставните предмети.

## 7.5 Препораки

- **Стручниот соработник-библиотекар, редовно и соодветно да води библиотечниот фонд во училишната библиотека. Училиштето да изнајде начин за опремување на училишната библиотека со учебници,**
- **Училиштето да изготви програма за следење на потребите за професионалниот развој на наставниците,**
- **Училиштето да изведе симулација според планот,**
- **Да се преземат активности за планирање на диференцирани активности и техники, како и примена на интеракција ученик-ученик,**
- **Директорот и стручните соработници системски да го следат наставниот процес преку административно следење на планирањата и со непосредни посети на часови,**
- **Во настава да се употребува ИКТ како и другите наставни средства и материјали со кои располага училиштето,**
- **Училиштето да направи напори за набавка на учебници по дел од наставните предмети.**

| | |
|---|---|
| **Илбер Зенку**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Џелал Беџети**,инспектор - член | |
| **Јелена К.Деспенич**, инспектор - член | |
| **Сенад Сулејмани,** инспектор - член | |